**Соопштение за спроведување на изборите на претседател и членови на Факултетското студентско собрание**

*Почитувани студенти*

Ве информираме дека на ден **6.11.2020 година (петок),** во периодот **од 08:00 до 16:00 часот**, во просториите на Економски факултет – Скопје ќе се одржат изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание согласно одредбите од Законот за високо образование и Статутот на УКИМ. Изборите ќе се спроведат **со строго почитување на протоколите за заштита од Ковид-19. Секој студент за време на престојот во рамки на Факултетот задолжително треба да носи заштитна маска која ги покрива носот и устата и да одржува соодветно растојание. Се замолуваат студентите по завршеното гласање да не се задржуваат во аулата на Факултетот и да не се групираат пред Факултетот со цел превенција од ширење на Ковид-19.**

Просториите во кои ќе се одвива гласањето се:

1) Амфитеатар 1 – за студентите од прва година
2) Амфитеатар 2 – за студентите од втора година
3) Амфитеатар 3 – за студентите од трета година
4) Амфитеатар 4 – за студентите од четврта година
5) Предавална 3 за студентите од втор и трет циклус студии.

Во секоја од просториите студентите ќе може да гласаат за своите претставници во соодветната студентска година и за претседател на студентското собрание.

Изборна комисија

Проф. д-р Никола Левков

Проф. д-р Билјана Ташевска

Студент Петар Трајковски со број на индекс 60867

Студент Ана Спасовска со број на индекс 61155

Студент Лика Костова со број на индекс 58279